Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# БАРАЊЕ
## за издавање на потврда за статус на регистрација на даночен обврзник

**Б/ПС-РДО**

** Пополнува Управа за јавни приходи*

☐ Тековен статус

☐ Статус за период ..................................................

| Датум и број на прием | |
|---|---|

| Исправка | ☐ | Број | |
|---|---|---|---|

## ПОДАТОЦИ ЗА ЛИЦЕ - БАРАТЕЛ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Даночен идентификационен број | | | | |
| Назив / Име и презиме | | | | |
| Седиште / Живеалиште | Улица и број | | | |
| | Населено место | | Општина | |
| | Држава | | | |
| Дејност | Шифра | | Опис | |
| Контакт | е-пошта | | Телефон | |

## ВИД НА СТАТУС НА РЕГИСТРАЦИЈА ЗА КОЈ СЕ БАРА ИЗДАВАЊЕ НА ПОТВРДА

☐ Регистриран даночен обврзник (доделен Даночен идентификационен број)

☐ Регистриран ДДВ обврзник

☐ Нерегистриран даночен обврзник (не поседува Даночен идентификационен број)

☐ Нерегистриран ДДВ обврзник

☐ Друго

## ПОДАТОЦИ ЗА ОСНОВ ЗА КОЈ СЕ БАРА ИЗДАВАЊЕ НА ПОТВРДА

☐ За пред надлежен орган во РСМ ..........................................................................................

☐ За пред надлежен даночен орган во странска држава ..........................................................................................

☐ Враќање на ДДВ на даночен резидент на РСМ во странска држава ..........................................................................................

☐ Постапка за присилно извршување согласно член 43-а од Закон за данокот на додадена вредност

☐ Друго

## АДМИНИСТРАТИВНА ТАКСА

Износ

Начин на плаќање

☐ Преку образец "ПП50"
** задолжително приложете го налогот "ПП50" за извршено плаќање на административна такса*

☐ Преку системот eNAPSYS. Внесете го трансакцискиот код: ........................................................
** за добивање на трансакциски код пратете СМС порака на бројот 144 166 со текст: TM Ime Prezime Iznos*

☐ Ослободен од плаќање на административна такса согласно член .................................... од Законот за административните такси

## ПРИЛОГ

☐ Доказ за основ за кои се издава потврдата

☐ Доказ за законски застапник или Овластување (полномошно) во име и за сметка на лицето - барател да се преземаат дејствија во даночната постапка

☐ Доказ за извршено плаќање на административна такса (образец "ПП50")

☐ Друго

## ПОДАТОЦИ ЗА ПОТПИСНИК

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив / Име и презиме | | | |
| Даночен идентификационен број | | Датум | |
| Својство | | Потпис | |
| Контакт | е-пошта | Телефон | |

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| Податоци за обработката | |

# УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ



Управата за јавни приходи издава потврда за статус на регистрација на даночен обврзник по претходно поднесено Барање (образец Б/ПС-РДО). Барањето (образец Б/ПС-РДО) се поднесува во надлежната организациона единица на Управата за јавни приходи.
**Напомена**: Доколку Барањето (образец Б/ПС-РДО) се поднесува преку законски застапник или полномошник на барателот, во прилог на барањето се доставува копија од доказ за законски застапник или овластување (полномошно) во име и за сметка на лицето - барател да се преземаат дејствија во даночната постапка.

**Состојба за која се бара издавање на потврда**
- **Тековен статус** - полето се означува со “x“ доколку се бара издавање на тековен статус на регистрација на даночен обврзник во Единствениот регистар на даночни обврзници кој го води УЈП.
- **Статус за период** - полето се означува со “x“ доколку се бара издавање на статус на регистрација на даночен обврзник во Единствениот регистар на даночни обврзници кој го води УЈП, за конкретен период. Задолжително се впишува периодот за кој се бара издавање на потврдата.

**Податоци за лице – барател**
Се впишуваат податоци за лицето – барател за кое се бара издавање на потврда за статус на регистрација на даночен обврзник според евиденциите во Единствениот регистар на даночни обврзници, и тоа:
- **Даночен идентификационен број** - се впишува Даночен идентификационен број (ЕДБ или ЕМБГ) на даночниот обврзник во Република Северна Македонија.
  **Напомена**: Доколку барањето се поднесува за статус на регистрација на ДДВ обврзник, задолжително се впишува ДДВ даночниот број на обврзникот.
- **Назив / Име и презиме** - се впишува називот на правното лице – барател или име и презиме на физичкото лице - барател.
- **Седиште / Живеалиште** - се впишува седиштето на правното лице – барател или живеалиштето на физичкото лице – барател (улица и број, населено место, општина и држава).
- **Дејност** – доколку лицето за кое се поднесува барањето врши дејност, се впишува шифра и опис на дејноста.
- **Контакт** - во соодветните полиња се впишува електронско сандаче (е-пошта) и телефон за контакт.

**Вид на статус на регистрација за кој се бара издавање на потврда**
Со “x“ се означува соодветното поле во зависност од видот на статус на регистрација за кој се бара издавање на потврда.
Доколку барањето се поднесува за вид на статус на регистрација кој не е екплицитно наведен во барањето, се означува со “x“ полето “Друго“ и задолжително се впишува вид на статус на регистрација за кој се бара издавање на потврдата.

**Податоци за основ за кој се бара издавање на потврда**
Со “x“ се означува соодветното поле во зависност од основот за кој се бара да се издаде потврда од Управата за јавни приходи:
- Доколку потврдата се бара за да послужи како доказ за остварување на права или обврски пред надлежен орган во Република Северна Македонија (РСМ), задолжително се впишува називот на органот.
- Доколку потврдата се бара за да послужи како доказ за остварување на права или обврски пред надлежен даночен орган во странска држава, задолжително се впишува називот на странската држава.
- Доколку потврдата се бара за да послужи како доказ за остварување на право на враќање на ДДВ во странска држава на даночен обврзник – резидент на РСМ, задолжително се впишува називот на странската држава.
- Доколку потврдата се бара за цели на спроведување на постапка на присилно извршување согласно со Законот за извршување (член 43-а од Закон за данокот на додадена вредност), задолжително се впишува “x“ во соодветното поле.
- Доколку барањето се поднесува по друг основ кој не е екплицитно наведен во барањето, се означува со “x“ полето “Друго“ и задолжително се впишува основот поради кој се бара издавање на потврдата за статус на регистрација на даночен обврзник (на пример, остварување на право на XXXXXXX).

**Административна такса**
За издавање на потврда за статус на регистрација на даночен обврзник предвидено е плаќање на административни такси.
- **Износ** - се внесува висината на административната такса во вкупен износ од 50 денари (за барањето).
- **Начин на плаќање** - со „x“ се означува начинот на кој е извршено плаќањето. Административната такса може да се плати преку:
  1) Налог “ПП50“ (задолжително во прилог на барањето се доставува копија од налогот); или
  2) Мобилен телефон со праќање на СМС порака (систем eNAPSYS) на бројот 144 166 со текст “TM Ime Prezime Iznos”. По праќањето на пораката повратно добивате Трансакциски код, кој се состои од 10 бројки (задолжително се внесува трансакцискиот код во соодветното поле).

**Напомена**: Доколку лицето - барател е ослободен од плаќање на административна такса, задолжително се внесува “x“ во соодветното поле и се впишува врз основа на кој пропис лицето - барател е ослободен од плаќање на административна такса.

**Прилози**
Во прилог на Барањето (образец Б/ПС-РДО) задолжително се поднесува копија од документ/и (објаснето погоре во Упатството) со кои ќе може да се потврдат податоците во барањето. Доколку во прилог на барањето се доставува документ кој не е наведен, во полето “Друго“ се впишуваат податоци за документот (назив, број, датум и надлежниот орган кој го издал).
**Напомена**: Доколку барањето се поднесува по службена должност од страна на надлежниот јавен орган за решавање за права, обврски или правни интереси на странката, доказот за согласност од странката за употреба на личните податоци и наплатата на административните такси во име и за сметка на УЈП во постапката на прибавување на податоци за статус на регистрација на даночен обврзник по службена должност го обезбедува надлежниот јавен орган согласно Законот за прибавување и размена на докази и податоци по службена должност.

**Исправка на барањето**
При поднесување на исправка, означете го полето “Исправка“ со внесување на знакот “x” и во полето “Број” впишете го бројот на прием на барањето за кое се врши исправка. За исправка на барањето не треба да се врши уплата на административни такси.
**Напомена**: Исправката не се врши преку искажување на разликите во податоците, туку преку искажување на целосни и точни податоци.

**Податоци за потписник**
Се пополнуваат податоците за потписникот на барањето. Податоците за е-пошта и телефон се пополнуваат само доколку подносителот, односно потписникот на барањето е лице различно од лицето - барател.